АКАДЕМИЈА ЗА БАНКАРСТВО И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА | ACADEMY OF BANKING AND INFORMATION TECHNOLOGY

# НАЈДОБРИТЕ МЛАДИ И ИДНИ БАНКАРИ УЧАТ ОД ВИЦЕГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ М-Р МАЈА КАДИЕВСКА ВОЈНОВИЌ

| | |
|---|---|
| Општи податоци | **22 \| Јуни \| 2016**<br>Локација: НБРМ, (Конгресна сала 9-ти кат)<br>Времетраење: 10:00 – 13:00 часот<br>Рок за пријавување: 21 Јуни 2016<br> |
| Цели | Запознавање на младите и потенцијални идни банкари, студенти, новинари, истражувачи и останати заинтересенти со практичните аспекти на работа на Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи во рамки на Народната Банка на Република Македонија и напредно елаборирање на функциите на Секторот со осврт на процесот на управување и инвестирање на девизните резерви, спроведувањето на монетарната политика и поставеноста на монетарните инструменти, пазарната инфраструктура и развојот на домашните финансиски пазари, улогата на Народната банка во платните системи, како и управувањето со финансиите низ призмата на една централната банка. Понатаму, слушателите ќе имаат единствена прилика одблиску да се запознаат со начинот на водење на монетарната политика во праксата со фокус на предизвиците во првата половина на 2016 година.<br>Учесниците на крајот од обуката ќе се здобијат со широко практично искуство за функциите и начинот на организација на Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи во рамки на Народната банка на Република Македонија, улогата на надлежниот вицегувернер, телата на одлучување, поставеноста на системот и практичните аспекти на управувањето и инвестирањето на девизните резерви, монетарните инструменти и управувањето со ликвидноста на банките, улогата на Народната банка во развојот на домашните финансиски пазари и платните системи. Од особен придонес за учесниците е што со оваа обука ќе се здобијат со појасна претстава за тоа како се води монетарната политика во праксата, со осврт на индикаторите што се следат, податоците што се анализираат и ризиците што се оценуваат, и сето тоа презентирано од гледиште на член на највисоките раководни структури на Народната банка и директен учесник во процесот на носење на монетарните одлуки. |
| Содржина | <u>Предавач</u>: **М-р Маја Кадиевска Војновиќ, Вуцегувернер на НБРМ**<br><br>**МОДУЛ 1: Сектор за операции на финансиски пазари и платни системи при НБРМ – организација, надлежности, функции** |

| | |
|---|---|
| Содржина | • Организациска структура<br>• Улога и значење во рамки на Народната банка<br>• Тела на одлучување: Комитет за инвестирање, Комитет за управување со активата и пасивата, Комитет за оперативна монетарна политика<br>• Операции на финансиски пазари<br>  ○ Монетарни инструменти, управување со ликвидноста на банките и одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот, преку интервенции на меѓубанкарскиот девизен пазар<br>  ○ Промени во поставеноста на монетарните инструменти: што, кога, со кои цели (практични аспекти)<br>  ○ Домашни финансиски пазари<br>• Чување и управување со девизните резерви<br>  ○ Рамка за управување со девизните резерви: правила, принципи, надлежности<br>  ○ Распределба и инвестирање на девизните резерви<br>  ○ Изложеност и управување со ризиците<br>• Платни системи<br>  ○ Улогата на НБРМ во платните системи: оперативна, надзорна и развојна и катализаторска улога<br>  ○ Платежна инфраструктура<br>  ○ Платни инструменти<br>  ○ Новини и активности за континуиран развој на платните системи<br>• Управување со билансот на централната банка<br>  ○ Согледување на значањето на билансот на состојба на централната банка<br>  ○ Основни компоненти на билансот на состојба на НБРМ<br><br>**МОДУЛ 2: Спроведување на монетарната политика со посебен фокус на предизвиците во првата половина на 2016 година**<br><br>• Водење на монетарната политика: индикатори, податоци, анализа на ризици, носење на монетарни одлуки<br>• Предизвиците за монетарната политика во првата половина на 2016 година<br><br>**Прашања и дискусија** |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Млади банкари, приправници, студенти на економските и правните факултети, дипломци, специјализанти, магистранти, докторанти, истражувачи, индивидуални инвеститори, претставници на трговски друштва, новинари, и сите оние кои што професионално или лично се заинтересирани да се запознаат со основите и принципите на работа на Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи при НБРМ |

| | |
|---|---|
| | и надлежниот вицегувернер и да стекнат практични знаења за начинот на водење на монетарната политика во Република Македонија. |

| | |
|---|---|
| Потврдување и јазик: | На крајот, секој слушател добива сертификат за учество на обуката. Обуката се изведува на македонски јазик. |

Предавач:



**М-р Маја Кадиевска-Војновиќ** ја започна својата кариера во Народната банка на Република Македонија. Во своето четиринаесетгодишно работно искуство, девет години беше дел од Дирекцијата за монетарна политика и истражувања. Својата кариера ја започна како помлад истражувач, а потоа беше унапредена во советник-аналитичар, главно инволвирана во областа на монетарната, но и на фискалната политика. Учествуваше во процесот на подготовката на проекциите на БДП, инфлацијата и билансот на плаќања, активно учествуваше во креирањето на насоките за поставеноста на монетарната политика, изработката на редовните извештаи на НБРМ и во дискусиите со ММФ и агенциите за кредитниот рејтинг. Нејзината кариера е богата со разни научно-истражувачки проекти во областа на фискалната политика, макроекономските трендови поврзани со секторот „население“, инвестициската активност во РМ, анализата на надворешната позиција на економијата, надворешната солвентност и адекватноста на девизните резерви на РМ. Г-ѓа Кадиевска Војновиќ има учествувано како панелист и презентер на бројни меѓународни и домашни научни и стручни конференции, работилници, симпозиуми и семинари, организирани од релевантни меѓународни организации, централни банки, меѓународни финансиски институции и други стручни организации. Во моментов, ја извршува функцијата вицегувернер на Народната банка на Република Македонија (НБРМ), одговорна за Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи и е извршен член на Советот на НБРМ. Исто така, таа е претседател на Комитетот за инвестирање на девизните резерви и претседател на Комитетот за управување со активата и пасивата на НБРМ. Во 2011 година, беше претседател на Комисијата за решавање по жалби од областа на пазарот на хартии од вредност и гостин-предавач по макроекономија на еден приватен факултет во Скопје. Поседува диплома МБА од Универзитетот Шефилд.